Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет **македонски јазик** за **VI** одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/2021 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **македонски јазик** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет **македонски јазик за основно образование** што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени програмски подрачја и наставни содржини што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за овој наставен предмет се предвидуваат 4 часа неделно со вкупен фонд од 128 часа и тоа: Јазик 45 часа, Литература и лектира 45 часа, Изразување и творење 30 часа и Медиумска култура 8 часа.

Оваа скратена наставна програма е програма за текот на наставата и учењето по македонски јазик за основно образование, истата за наставниците е појдовна точка и педагошка основа за развивање на наставата и учењето во однос на планирањето и изготвувањето на годишните, тематските и дневните планирања, како и непосредна подготовка за работа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните содржини од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни содржини

| Реден број на наставната содржина | ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК - 45 часа |
|---|---|
| | **Историја на македонскиот јазик - 4 часа** |
| 1. | Потеклото на македонскиот јазик |
| 2. | Старословенски азбуки: глаголица и кирилица |
| 3. | Современо македонско кирилско писмо |
| | **Фонетика – 6 часа** |
| 4. | Поделба на гласовите (самогласки и согласки) |

| | |
|---|---|
| 5. | Поделба на согласките: звучни, безвучни и сонорни (сонанти) |
| 6. | Правила за акцентирање на зборовите: едносложни, двосложни и повеќесложни |
| | **Морфологија - 16 часа** |
| 7. | Морфолошка класификација на зборовите: менливи и неменливи зборови |
| 8. | Именки: општи, сопствени и збирни |
| 9. | Именки кои именуваат глаголски дејства (глаголски именки) |
| 10. | Определеност кај именките |
| 11. | Глаголи |
| 12. | Граматичка категорија начин: исказен, заповеден и можен начин |
| 13. | Придавки: заменски |
| 14. | Односни придавки: – материјални придавки |
| 15. | Заменки (лични и показни) |
| | **Синтакса - 9 часа** |
| 16. | Реченица: главни реченицни делови (подмет и прирок) |
| 17. | Подмет: зборови што се јавуваат во функција на подмет |
| 18. | Неопходни реченични делови: прилошки определби за: место, време, начин |
| 19. | Сложена реченица: поим за сложена реченица |
| | **Речник и стил - 2 час** |
| 20. | Лексичко значење на зборовите: синоними, антоними (како повторување), пароними |
| | **Правопис - 8 часа** |
| 21. | Скратеници: за обраќање кон лица, за мерките во метричкиот систем и за други мерки и големини |
| 22. | Слеано пишување на сложените зборови: именки, придавки, прилози и броеви |
| 23. | Употреба на зборовите во нивното основно значење и можности за употреба во нивното преносно значење |
| 24. | Употреба на интерпункциските знаци: точка, запирка, прашалник, две точки. |
| | ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА- **45 часа** |
| 25. | Поделба на литературата (со нагласување на надворешните разлики) по родови: лирика, епика и драма - **5 часа** |

| | |
|---|---|
| | **Проза - 16 часа** |
| 26. | Содржина на текст |
| 27. | Раскажувач во прво и во трето лице и сезнаечки раскажувач |
| 28. | Поим за драма (како литературен род) |
| 29. | Дијалог и монолог во драмски текст |
| 30. | Комуникациски дијалог |
| | **Поезија - 16 часа** |
| 31. | Лирски видови:<br>а) љубовни песни<br>б) патриотски песни<br>в) описни песни (пејсажни) |
| 32. | Стилски фигури:<br>-епитет<br>-анафора<br>-епифора |
| 33. | Белези на лирско-епските песни |
| | **Лектира (3-задолжителни + 2 изборни) - 8 часа** |
| | ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ – 30 часа |
| | **Усно изразување - 16 часа** |
| 34. | Разговорот како вид комуникација: формулирање прашања и одговори на прашањата |
| 35. | Интервју (играње улоги) |
| 36. | Хронолошко и ретроспективно раскажување |
| 37. | Детално опишување |
| 38. | Опишување на ликови и личности |
| 39. | Сценски изведби |
| | **Писмено изразување - 14 часа** |
| 40. | Писмено изразување: раскажување, прераскажување, опишување, лик и личност, вест, извештај |
| 41. | Диктат со промени |

| | |
|---|---|
| 42. | Творечки диктат |
| 43. | Писмени работи – задолжително две во текот на учебната година |
| | **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА– 8 часа** |
| 44. | Видови медиуми: електронски и печатени |
| 45. | Книгата како медиум (од идеја до книга) |
| 46. | Весници, списанија и рубрики |
| 47. | Режисер и актер |
| 48. | Костимограф и сценограф |
| 49. | Медиотека |

## 3. Дидактички препораки

Планирањето на наставата по македонски јазик за основно образование треба да биде во корелација со наставниот план и скратената наставна програма за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Јазик, Литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура).

На патот насочен кон остварување на целите и резултатите од учењето, улогата на наставникот е многу значајна, бидејќи скратената наставна програмата дава простор за слободен избор за поврзување на содржините, методите на настава и учење и активностите на учениците.

Содржината на скратената наставна програма по предметот македонски јазик за основно образование е конципирана на тој начин што таа предвидува нејзина реализација во помал број наставни денови и помал број наставни часови. Истата овозможува корелација и рационално планирање на наставата со другите наставни предмети: англиски јазик (или втор странски јазик), историја, географија, ликовно образование, музичко образование итн. Во интегрираното планирање со содржини од странските јазици што го изучуваат учениците, при усвојувањето поими од

граматиките на двата јазика; со предметот историја (кога учениците се запознаваат со историскиот развој на јазикот); со предметот географија (кога учениците се запознаваат со македонските дијалекти); со ликовното образование (со ликовно претставување на ликови и настани од интерпретираните литературни текстови); со музичкото образование (преку содржините што се поврзани со римата и фигурите на јазикот).

Корелацијата и рационализацијата во однос на планирањето на наставата во скратената наставна програма по македонски јазик за основно образование се реализира како во самото програмско подрачје така и помеѓу нејзините програмски и потпрограмски подрачја. Пример, во програмското подрачје Јазик корелацијата на наставните содржини може да биде на тој начин што кога се реализира наставната содржина „Глаголи“ може да има поврзување со наставната содржина „Главни реченични делови – прирок“. Корелацијата, односно поврзувањето може да биде и помеѓу две програмски подрачја, меѓу програмските подрачја Јазик и Литература и лектира (или други две програмски подрачја). Пример, може да има корелација помеѓу наставната содржина „Главни реченични делови – подмет“ со наставната содржина „Раскажувач во прво и во трето лице и сезнаечки раскажувач“. Корелацијата и рационализацијата во однос на планирањето на наставата може да биде евидентна и помеѓу три програмски подрачја. Пример, меѓу програмските подрачја: Литература и лектира, Изразување и творење и Јазик, каде врз примери од литературен текст, конкретно при изучување на наставната содржина „Содржина на текст“ може да има корелација со наставната единица „Раскажување, прераскажување, опишување, лик и личност, вест, извештај“, а потоа и корелација со наставна единица од подрачјето Јазик „Прилошките определби за: место, време и начин“. Ова се само неколку примери како треба да се направи корелација, односно поврзувања на содржини во едно исто програмско подрачје или помеѓу неколку програмски подрачја. На наставниците им ја оставаме слободата на креативност самите да направат поврзување, односно интеграција и корелација на содржините дадени во оваа наставна програма согласно условите во кои работат, темпото на усвојување на наставниот материјал од страна на учениците како и нивното напредување. На овој начин, преку корелацијата и интеграцијата, се врши една силна кохезија на наставниот материјал од самиот наставен предмет преку едно логично и последователно поврзување на наставните содржини, во однос на она што е предмет на изучување, а со самото тоа и соодветна реализација на програмските цели.

Корелацијата и рационализацијата може да се реализира и при повторување и вежби каде врз примери од поетски или прозни текстови преку усно и писмено изразување треба да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од фонетика, морфологија, синтакса, речник и стил и правопис. Пример, по анализа на текст од учебникот учениците може да добијат задача во одреден пасус да ги пронајдат и подвлечат сите глаголи, а потоа подвлечените глаголи да ги запишат во својата тетратка и за истите да определат лице, вид, број и начин. Следна

вежба за проверка на стекнатите знаења, а каде ќе биде евидентна корелација помеѓу програмските подрачја може да има на тој начин што ученикот ќе добие задача да избере еден од трите литературни рода за да создаде лична творба, но притоа да употреби зборови кои се пишуваат слеано. Исто така корелацијата и интеграцијата може да се примени со задавање на задача учениците да прочитаат поетска, односно поетски творби во кои се употребени изучените стилски изразни средства (епитет, анафора и епифора). Потоа, со три различни бои тие треба да ги подвлечат стиховите во кои се застапени изучените стилски фигури и да одредат дали во пронајдените стилски фигури има зборови со преносно значење.

Основната улога на корелацијата помеѓу наставните содржини е да се обезбеди една целовитост на знаењата кои се предвидени да се реализираат со скратената наставна програма. Скратената наставна програма е замислена како целовит интегриран систем на вертикално и хоризонтално испреплетени содржини, поими и активности преку континуирано:

- поврзување на воннаставните стекнати знаења на ученикот со она што се учи во училиште;
- поврзување на едни со други содржини, поими и активности (во рамките на повеќе предмети или во рамките на самиот предмет);
- поврзување на она што е од претходно учено со она што сега се учи.

*Вертикалната корелација* најчесто е застапена кога се учи нов наставен материјал. Таа треба да се заснова на нешто што е од претходно познато (било тоа да е поврзано со претходни училишни или вонучилишни искуства).

*Хоризонталната корелација* подразбира воспоставување на врски помеѓу сродни или исти содржини и поими од различни подрачја. Ваквиот начин всушност претставува учење преку споредба, барање сличности и разлики, надоврзување, сортирање, надополнување итн. За успешна реализација на скратената наставна програма како една логичка структура неопходна е и вертикалната и хоризонталната корелација.

При корелацијата и рационализацијата на наставните содржини треба да се внимава на претходно стекнатите знаења од страна на учениците, нивната возраста, нивниот развоен период, когнитивните можности, покажаниот интерес, како и темпото со кое го совладуваат новиот наставен материјал. Посебно внимание треба да се посвети на оние ученици кои поспоро напредуваат во учењето, а сè со цел истите да успеат да го достигнат бараниот минимум на функционална писменост согласно целите посочени за секој образовен период.

***Како треба да учат учениците*** - Во однос на скратената наставна програма по македонски јазик за основно образование учениците треба да учат:

*Смислено*, преку: поврзување на она што се учи и она што се доживува во животот и она што се учи со она што е учено од порано (од ист или друг предмет).

*Проблемски*, преку: самостојно собирање и анализирање на факти и податоци, поставување релевантни прашања на самите себе и на другите и развивање план за решавање на одреден проблем.

*Дивергентно*, преку: осмислување и предлагање нови решенија и поврзување на нови содржини и целини.

*Критички*, преку: селектирање по важност на поединечни факти и податоци и осмислување соодветни аргументи.

*Кооперативно*, преку: непосредна соработка со наставникот и соучениците, дискусија и размена на мислења и уважување на размислувањата и аргументите на соучениците.

Во планирањето на наставата треба да се уважува различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на скратената наставна програма што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. На сите содржини не може, и не треба, да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Пристапот кон истите од страна на наставникот треба да биде на тој начин учениците да стекнат трајни знаења кои за нив ќе бидат применливи во понатамошното школување и по завршувањето на истото. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели.

Во однос на писмените работи, посочуваме дека наместо 3 (три) ќе се реализираат 2 (две) писмени работи и тоа една во прво полугодие и една во второ полугодие. Во однос на лектирите предвидено е да се реализираат во VI одделение **(3-задолжителни + 2 изборни)**. Кога се реализира лектирното дело препорачуваме прераскажување на фабулата и делови од прочитаното лектирно дело преку определување на: тема, мотив, идеја, описи, ликови и нивни карактеристики, наратор.

**Следењето и оценувањето на учениците** претставува дел од професионалната улога на наставникот. Од него се очекува континуирано да го следи и оценува: процесот на наставата и учењето, но и резултатите од учењето како и сопствената работа. Следењето на напредувањето и оценувањето на постигањата на учениците е формативно и сумативно. Покрај вообичаените начини на следење и оценување по пат на усно и писмено проверување, постојат и многу други начини кои наставникот може и треба да ги применува за да ги оцени објективно не само резултатите, туку и процесот на учење. Во оваа смисла по пат на набљудување на учениците, наставникот може да ги следи следниве показатели: начинот на кој ученикот учествува во активноста, како собира податоци, како аргументира и

донесува заклучоци. Посебно релевантни показатели се квалитетот на поставените прашања, способноста да најде врски меѓу појавите, да наведува примери, да биде спремен да го промени своето мислење во контакт со аргументи, да разликува факти од тврдења, да прифаќа туѓо мислење, да предвидува последици и да дава креативни решенија.

При следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците од голема важност е користењето на ученичкото портфолио. Тоа претставува наменски систематски процес на собирање и евалвирање производи на учениците, за да се документира напредокот во однос на постигнувањето на целите на учењето или да се покажат докази дека целите на учењето биле постигнати. Портфолиото за учење и оценување претставува значајна збирка на ученичките трудови која ни ја покажува работата на ученикот, неговиот напредок и постигнувањата во дадена област (области). Примената на портфолиото за следење и оценување на постигнувањата на учениците значително може да ја подобри комуникацијата меѓу ученикот, наставникот и родителот.

Во однос на следењето и оценувањето на учениците потребно да се комбинираат различни начини на оценување. Единствено така наставникот може да ги согледа силните и слабите страни на ученикот. При секое оценување на постигањата потребно е на ученикот да му се даде повратна информација којашто ќе му помогне да ги разбере сопствените грешки, да ги подобри своите резултати, но и сопственото учење. Повратната информација секогаш треба да се даде навреме и таа треба да се однесува на активностите и резултатите од учењето поврзани со ученикот, а не на неговата личност. Ученикот треба континуирано на различни начини да се охрабрува да размилсува за квалитетот на својата работа и што треба да преземе за да го унапреди сопственото учење и да ги подобри своите постигања. Секако, резултатите од целокупното следење и оценување наставникот ќе ги земе како основа за планирање на следните чекори во развивање и подобрување на воспитно-образовната пракса.

Се препорачува следниот годишен фонд за користење на часовите за реализација на скратената наставна програма по македонски јазик: 128 часа годишно, по наставни подрачја се предлага: Јазик – 45 часа; Литература и лектира - 45 часа; Изразување и творење - 30 часа; Медиумска култура - 8 часа.

Напомена: посочениот фонд за користење на наставните часови по програмски и потпрограмски подрачја е само предлог. Секој наставник, согласно условите во кои ја реализира скратената наставна програма и можностите на учениците, самостојно согласно потребите може да го определи фондот на часови по програмски подрачја и потподрачја. Тој секако треба да изнесува 128 наставни часа реализирани во 159 наставни дена.

***Наставни средства:***

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;

- Интернет, образовни софтвери;
- веб-платформи за образование;
- аудио-визуелни средства и други средства (во зависност од предметот);
- ЦД (литературни текстови);
- аудио и видео записи;
- енциклопедии, речници и сл.;
- списанија;
- традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови (доколку тоа го овозможуваат условите) итн.

**4. Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет македонски јазик за VI одделение на деветгодишното основно образование ја утврди

Бр.12-8424/10 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска